РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС
СУ-01 8/24-1
09.02.2024



**И З В Е Ш Т А Ј**
**за работата на Основен суд Велес**
**за 2023 година**

**Вовед**

Основен суд Велес во текот на 2023 година својата функција како првостепен стварно и месно надлежен суд со проширена надлежност, ја извршуваше согласно Законот за судовите.

Во текот на 2023 година беа пополнети 15 судиски места, заедно со местото Претседател на судот.

Функцијата Претседател на судот ја извршуваше судијата Лидија Димова до ден 29.10.2023 год. и од ден 30.10.2023 год. ја извршуваше функцијата ВД Претседател на судот се до 28.12.2023 год. кога и престана судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.

Од ден 29.12.2023 година судијата Биљана Јачева беше определена да ја извршува функцијата ВД Претседател на судот.

За заменик на Претседателот на судот беше определена судијата Габриела Гајдова.

Работата во Основен суд Велес беше организирана во два судски оддели: Кривичен и Граѓански судски оддел. За секој оддел Претседателот на судот определи претседатели на оддели и нивни заменици.

За Претседател на кривичен оддел беше определена судија Габриела Гајдова, а за заменик судијата Аница Теова.

За Претседател на граѓанскиот оддел беше определен судијата Александар Шопов, а за заменик судијата Виолета Мојсова.

## 1. Работа по предмети

Во текот на 2023 година по предметите постапуваа 14 судии и тоа во кривичниот оддел 8 судии и во граѓанскиот оддел 6 судии.

Во граѓанскиот оддел по новопримени предмети постапуваа 6 судии и тоа: Виолета Мојсова, Биљана Јачева, Валентина Петровска, Александар Шопов и од 17.03.2023 година и судијата Дара Арсова.

Во периодот од 01.01.2023 год. до 30.03.2023 год. прекршочни предмети од уписникот ПРК-С примаше и постапуваше и судијата Валентина Петровска.

Судиите Ангел Трипчев и Валентина Ѓорѓиевска постапуваа и по останати предмети од одделни уписници од граѓанскиот оддел.

Во кривичниот оддел постапуваа 8 судии и тоа: Габриела Гајдова, Шефшет Адеми, Валентина Ѓорѓиевска, Аница Теова, Дејан Перчинковски, Емина Калач, Ангел Трипчев и од 01.04.2023 година и судијата Бојачо Донев.

Од Кривичниот оддел судиите Габриела Гајдова, Шефшет Адеми, Валентина Ѓорѓиевска постапуваа по кривични предмети против полнолетни лица, а судијата Габриела Гајдова постапуваше и по прекршочни предмети од уписникот ПРК-С.

Судијата Аница Теова постапуваше по предмети од претходна постапка, прекршочни предмети од уписникот ПРК-С и по предмети за извршување на санкции.

Судиите Дејан Перчинковски, Емина Калач постапуваа по прекршочни предмети, судијата Ангел Трипчев постапуваше по кривични предмети против малолетници и по прекршони предмети.

Од Судијата Бојанчо Донев постапуваше по предмети за извршување на санкции.

Работата на судот по предмети во текот на 2023 година е прикажана во следната табела:

| | Нерешени предмети | Ново примени предмети | Повторно заведени | Погрешно заведени | Вкупно примени предмети | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **К** | **107** | **353** | **44** | | **397** | **504** | **372** | **132** |
| К-ООА | 3 | 57 | | | 57 | 60 | 55 | 5 |
| К-ПП | | 310 | | | 310 | 310 | 310 | - |
| УОСК | | 10 | | | 10 | 10 | 10 | - |
| ***Вкупно претходна постапка*** | **3** | **377** | | | **377** | **380** | **375** | **5** |
| КС | | 33 | | | 33 | 33 | 33 | |
| КСП | 1 | 60 | | 1 | 59 | 60 | 60 | |
| КС-КР | 9 | 353 | 5 | 1 | 357 | 366 | 350 | 16 |
| КП | 1 | 15 | | 1 | 14 | 15 | 12 | 3 |
| К-ПОВ | 2 | 17 | | | 17 | 19 | 19 | - |
| УО | 3 | 39 | | | 39 | 42 | 41 | 1 |
| ЕК | 1 | 3 | | | 3 | 4 | 1 | 3 |
| ***Вкупно кривичен совет*** | **17** | **520** | **5** | **3** | **522** | **539** | **516** | **23** |
| ЗАМ-К | 1 | 2 | | | 2 | 3 | 3 | - |
| КР | | 6463 | | | 6463 | 6463 | 6463 | - |
| КМ | 9 | 26 | | | 26 | 35 | 20 | 15 |
| КРМ | | 3 | | | 3 | 3 | 3 | - |
| КСМ | 2 | 31 | | | 31 | 33 | 31 | 2 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Вкупно кривични малолетни*** | **11** | **60** | | | **60** | **71** | **54** | **17** |
| ПРК-М | 142 | 187 | 1 | | 188 | 330 | 246 | 84 |
| ПРК-Ј | 78 | 138 | 3 | | 141 | 219 | 147 | 72 |
| ПРК-С | 903 | 3274 | 49 | 3 | 3320 | 4223 | 3389 | 834 |
| ПРК-О | 39 | 118 | 4 | | 122 | 161 | 114 | 47 |
| ПРК-Р | | 1051 | | | 1051 | 1051 | 1051 | - |
| ПРК-ПОВ | 5 | 19 | 1 | | 20 | 25 | 22 | 3 |
| ***Вкупно прекршочни предмети*** | **1167** | **4787** | **58** | **3** | **4842** | **6009** | **4969** | **1040** |
| КУИКП | 40 | 138 | | | 138 | 178 | 143 | 35 |
| КУИКМ | | 9 | | | 9 | 9 | 9 | - |
| ИПРК | 217 | 2656 | | | 2656 | 2873 | 2580 | 293 |
| ИКП | 101 | 180 | | | 180 | 281 | 176 | 105 |
| ИСАМ | 76 | 1810 | | | 1810 | 1886 | 1812 | 74 |
| ИОИП | | 102 | | | 102 | 102 | 102 | |
| ПК | 1 | 4 | | | 4 | 5 | 5 | |
| ***Вкупно извршување санкции*** | **435** | **4899** | | | **4899** | **5334** | **4827** | **507** |
| ***Вкупно кривичен оддел*** | **1.741** | **17.461** | **107** | **6** | **17.562** | **19.303** | **17.579** | **1.724** |

| | Нерешени предмети | Ново примени предмети | Повторно заведени | Погрешно заведени | Вкупно примени предмети | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТС | 2 | 8 | 1 | | 9 | 11 | 6 | 5 |
| ТС1 | 5 | 15 | 4 | | 19 | 24 | 13 | 11 |
| МАЛВ-ТС | | 11 | | | 11 | 11 | 6 | 5 |
| МАЛВПЛ1-ТС | 8 | 39 | 5 | | 44 | 52 | 41 | 11 |
| ПЛ1-ТС | 4 | 13 | 4 | | 17 | 21 | 14 | 7 |
| ПЛ-ТС | | 6 | | | 6 | 6 | 6 | - |
| СТ | 23 | 23 | | | 23 | 46 | 28 | 18 |
| СТ-ТС | 3 | 1 | | | 1 | 4 | 2 | 2 |
| Л | | | 1 | | 1 | 1 | 1 | - |
| ***Вкупно трговски предмети*** | **45** | **116** | **15** | | **131** | **176** | **117** | **59** |
| П1 | 24 | 22 | 7 | | 29 | 53 | 35 | 18 |
| П3 | 7 | 4 | 2 | | 6 | 13 | 9 | 4 |
| П4 | 25 | 38 | 11 | | 49 | 74 | 45 | 29 |
| П5 | 2 | 1 | 1 | | 2 | 4 | 3 | 1 |
| П2 | 66 | 174 | 3 | | 177 | 243 | 187 | 56 |
| РО | 271 | 312 | 66 | | 378 | 649 | 495 | 154 |
| МАЛВ-П | 59 | 177 | 9 | | 186 | 245 | 207 | 38 |
| МАЛВПЛ1-П | 6 | 17 | 4 | | 21 | 27 | 22 | 5 |
| ПЛ1-П | 1 | | | | | 1 | 1 | |
| ***Вкупно парнични предмети*** | **461** | **745** | **103** | | **848** | **1309** | **1004** | **305** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РП | 5 | 2 | | 2 | 5 | 5 | 5 | - |
| РТС | 1 | | | | 1 | 1 | 1 | - |
| ***Вкупно разни парнични предмети*** | **6** | **2** | | **2** | **6** | **6** | **6** | **-** |
| ППНИ | 1 | 40 | | | 40 | 41 | 40 | 1 |
| ИДС | | 12 | | | 12 | 12 | 12 | - |
| ПИ | | 2 | | | 2 | 2 | 2 | - |
| ***Вкупно извршувања*** | **1** | **54** | | | **54** | **55** | **54** | **1** |
| ВПП | 9 | 28 | 2 | | 30 | 39 | 34 | 5 |
| ВПП1 | 12 | 8 | 2 | | 10 | 22 | 14 | 8 |
| ВПП2 | 5 | 47 | 2 | | 49 | 54 | 50 | 4 |
| РВПП | 1 | 493 | | | 493 | 494 | 434 | 60 |
| ОДС | 2 | 2 | | | 2 | 4 | 3 | 1 |
| О | 4 | 254 | | | 254 | 258 | 256 | 2 |
| О1 | 1 | 2 | 1 | | 3 | 4 | 4 | - |
| ПСО | 1 | 29 | | | 29 | 30 | 27 | 3 |
| ЗАВ-Х | | 3053 | | | 3053 | 3053 | 3053 | - |
| ЗАВ | | 6 | | | 6 | 6 | 6 | - |
| ЗАМ-С | 8 | 31 | 1 | | 32 | 40 | 37 | 3 |
| ***Вкупно вонпроцесни предмети*** | **43** | **3953** | **8** | | **3961** | **4004** | **3918** | **86** |
| Нотари | 324 | 547 | 1 | | 548 | 872 | 559 | 313 |
| ***Вкупно граѓански оддел*** | **880** | **5.417** | **127** | **2** | **5.542** | **6.422** | **5.658** | **764** |

Работата на судот по предметите од судска управа за 2023 година е прикажана во следната табела:

| Вид на предмети од уписник | нерешени предмети на почеток на годината | новопримени предмети | погрешно заведени | вкупно предмети во работа | решени предмети | останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СУ - СУ-07 | 4 | 930 | | 934 | 926 | 8 |
| СУ-ДОВ и СУ-СТРДОВ | - | 1 | | 1 | 1 | |
| СУ-ИЗЗ | - | 35 | | 35 | 35 | |
| УПП | - | 2 | | 2 | 2 | |
| СПИ | - | 22 | | 22 | 21 | 1 |
| **Вкупно** | **4** | **990** | | **994** | **985** | **9** |

Состојбата со предметите на ниво на суд во Граѓански и Кривичен оддел и административната работа на судот (судска управа) за 2023 година е прикажана во следната табела:

| | Нерешени предмети | Новопримени предмети | Повторно заведени | Погрешно заведени | Вкупно примени предмети | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно предмети граѓански оддел | 880 | 5.417 | 127 | 2 | 5.542 | 6.422 | 5.658 | 764 |
| Вкупно предмети кривичен оддел | 1.741 | 17.461 | 107 | 6 | 17.562 | 19.303 | 17.579 | 1.724 |
| Вкупно судска управа | 4 | 990 | | | 990 | 984 | 985 | 9 |
| ***ВКУПНО ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА СУД*** | **2.625** | **23.868** | **234** | **8** | **24.094** | **26.719** | **24.222** | **2.497** |

Врз основа на податоците прикажани во последната табела, во текот на 2023 година судот успеа да го совлада приливот на предмети и да го намали остатокот за 128 предмети.

Во текот на 2023 година Основен суд Велес постапуваше по поднесени барања за издавање на потврди, дека не е одземена деловна способност и не е одземено родителско право, и издадени се вкупно 1.515 потврди кои се евидентирани во евидентна книга Р1, согласно чл.224 од Судскиот деловник и истите не се прикажуваат како предмети во извештаите за работа на судот.

## 9. Човечки ресурси

Со одлука на Судскиот совет на РСМ од 26.11.2015 година, утврдено е судиската функција во Основен суд Велес да ја извршуваат 18 судии.

Во текот на 2023 година беа пополнети 15 судиски места, заедно со местото Претседател на судот. Во текот на годината односно од ден 17.03 2023 год. судиската функција во судот ја извршуваше и судијата кој беше делегиран во Основен суд Кавадарци, а од ден 01.04.2023 год. и судијата кој беше делегиран во Основен суд Неготино. На ден 28.12.2023 година му престана функцијата на ВД Претседателот на судот поради исполнување на услови за старосна пензија.

Во однос на вработените во судската служба, согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места во Основен суд Велес предвидени се вкупно 116 работни места, а на крајот на годината пополнети се 48 работни места.

Планирањето на нови вработувања беше со Годишен план за вработувања за 2023 година по кој на судот му беа одобрени 2 вработувања и тоа 1 работно место за Судски референт-дактилограф и 1 работно место за Одржувач на хигиена. По добиената согласност за пополнување на одобрените работни места во месец декември 2023 година, се објавија јавни огласи и се пополни работното место Одржувач на хигиена, а за работното место Судски референт-дактилограф постапката поради законските рокови не се заврши до крајот на годината.

Со Годишниот план беше одобрено и унапредување на 6 судски службеници и тоа 2 за работно место Виш судски соработник, 1 за работно место Судски соработник,1 за работно место Самостоен судки референт-водител на писарница, 1 за работно место Виш судски референт-извршител во писарница и 1 за работно место Судски референт-дактилограф. Постапката по интерниот оглас за унапредување беше завршена за сите шест судски службеници од кои 2 судски службеници од работно место Судски соработник беа унапредени во работно место Виш судски соработник, 1 судски службеник од работно место Помлад судски соработник беше унапреден во работно место Судски соработник, 1 судски службеник од работно место Помлад судски референт-извршител во писарница беше унапреден во работно место Самостоен судски референт - водител на писарница, 1 судски службеник од работно место Помлад судски референт-извршител во писарница беше унапреден во работно место Виш судски референт-извршител во писарница и 1 судски службеник од работно место Помлад судски референт-извршител во писарница беше унапреден во работно место Судски референт - дактилограф.

За 2023 година на судот му беа одобрени средства за вработување на 4 судски службеници на определено работно време и тоа 2 за работно место Судски референт - дактилограф, 1 за работно место Помлад судски референт-извршител во писарница и 1 за работно место Помлад судски референт-доставувач. По објавен оглас склучени се договори за вработување на определено работно време од 10.03.2023 година до 31.12.2023 година со четири судски службеници и истите беа распоредени на работа согласно работните места.

Во месец март 2023 година, заврши постапката за вработување по јавен оглас и по одоберените средства за вработување за 2022 година, беа вработени на неопределено работно време 2 судски службеници за работно место Судски референт-дактилограф.

Во текот на 2023 година и покрај објавените јавни огласи по добиена согласност за вработување на 1 судски службеник за работно место Советник-информатичар не се изврши избор од причина што пријавениот кандидат не ја помнина административната селекција.

Работата на судските службеници во рамки на одделите беше организирана во судски писарници.

- Во приемната писарница работеше еден судски службеник, а за скенирање на иницијални акти и поднесоци беше ангажиран судскиот службеник Самостоен референт-извршител во одделение за информатика.
- Во рамки на Кривичниот оддел, во кривичната писарница беше распореден еден судски службеник кој постапуваше по кривични предмети против полнолетни лица, по предмети од уписникот КР-издавање уверенија, ја водеше казнената евиденција, постапуваше по предмети од претходна постапка, предмети од кривичен совет и предмети против малолетни лица. По предметите за извршување санкции постапуваше еден судски службеник. Во прекршочната писарница работеа три судски службеници од кои едниот го водеше и Контролникот за наплата на парична казна, трошоци и паушал.
- Во рамки на Граѓанскиот оддел, во граѓанската писарница беше распореден еден судски службеник, еден судски службеник во писарницата за платни налози и еден судски службеник во писарницата за трговски спорови, кој постапуваше и по вонпарнични предмети и издававање на потврди, согласно член 224 од Судскиот деловник, кои се заведуваа во АКМИС во евидентна книга Р1.

На секој судија според Распоред за работа на вработените во судската служба за 2023 година му беше распореден стручен судски службеник, со тоа што во зависност од обемот на предмети во работа, дел од нив беа распоредени да работат со еден судија, а дел со двајца судии.

На секој судија според Распоред за работа на вработените во судската служба за 2023 година му беше распореден судски референт-дактилограф. По престанок на

работниот однос на дактилографи и во случај на отсуство на дактилографи од оправдани причини (боледување и сл.) се правеше посебен распоред со ротирање на дактилографите при што се водеше сметка да се обезбедат услови за одржување на закажаните расправи и рочишта.

Во текот на 2023 година доставата ја вршеа 4 судски доставувачи, од кои 1 судски доставувач од месец ноември до крајот на годината користеше боледување.

Во текот на годината во судот се постапуваше согласно Судскиот деловник и Внатрешните процедури за одделни процеси при управувањето со движењето на предметите и според месечните извештаи на Работното тело не е констатиран посериозен застој во движењето на предметите. Најголем застој во движењето на предметите имаше кај прекршочните предмети во делот на доставата на одлуките поради отсуство на дактилографи кои користеа боледување, а останатите дактилографи не секогаш беа во можност да постапуваат во рокови предвидени во Судскиот деловник и Внатрешните процедури во делот на доставата на одлуките. Состојбата со застојот во движењето на предметите е констатирана во извештаите од Работното тело за управување на движењето на предметите во судот.

За безбедносната состојба на зградата, вработените и предметите во судот, се грижеше судската полиција и тоа: Командир на судската полиција и 7 припадници на судската полиција кои се грижеа за безбедноста на вработените и странките во судот и ја обезбедуваа зградата 24 часа.

Во текот на 2023 година работниот однос им престана на:

- 1 судски службеник од работно место Судски референт-дактилограф на ден 10.01.2023 година поради исполнување на услови за пензија со навршени 62 години старост.
- 1 работник на работно место Одржувач на хигиена на ден 09.01.2023 година поради исполнување на услови за пензија со навршени 62 години старост.

## 3. Усогласување на судска пракса

Во текот на 2023 година, редовно по истек на календарскиот месец се одржуваа седници на судии и седници на оддели на кои се донесуваа заклучоци, се заземаа ставови по правни прашања од значење за функционирање на судот, на одделот и извршување на програмата за работа и прашања за невоедначена судска пракса.

Во текот на годината одржани се вкупно 19 седници на судии (од кои 18 редовни и 1 вoредна) на кои се разгледуваше работата на судот преку анализа на извештаите со посебен осврт на приоритетно решавање на старите предмети, усогласување на работата на одделите, давање мислења од надлежност на седницата на судии и за други прашања.

Во текот на годината беа одржани 13 седници на Кривичен оддел (од кои 11 редовни и 2 воредни) и се донесени 3 заклучоци и тоа:

- за постапување на судките службеници од кривичната писарница за доставување на правосилни пресуди за осудени странски државјани,
- за начинот на запишување во казнена евиденција по правосилно решение за амнестија и
- за начинот на доставување на судските одлуки на официјана емеил адреса на КПУ Идризово и КПУ затвор Скопје.

Во текот на годината беа одржани 11 редовни седници на Граѓанскиот оддел, на кои е донесен 1 заклучок и тоа:

Со годишниот распоред за работа за 2023 година, судијата Виолета Мојсова беше определена за Судија за судска практика, овластена да ја усогласува работата на судските оддели која се однесува на евиденција и проучување на судската практика во согласност со донесениот План за судска пракса, да ги следи објавените Билтени на судска пракса како и сите поединечни одлуки на повисоките судови по редовни и вонредни правни лекови, да врши класификација по правни основи и евидентирање и објавување во електронска форма заради достапност до сите судии и стручни соработници во судот.

Во текот на 2023 година во судот имаше две посети од Апелациониот суд Скопје и тоа:

- на ден 28.03.2023 год. согласно Методологијата за вршење посети на основните судови и
- на ден 16.05.2023 година за преглед на работењето по сите видови предмети и уписници со цел констатирање на состојбата со примена на Законот за управување со движењето на предметите во судовите и Судскиот деловник.

Заради разгледување на актуелни прашања поврзани со работата на судот, во 2023 година Претседателот на судот одржа 1 работен состанок со сите нотари со седиште во Велес.

## 4. Односи со јавноста

Во Основен суд Велес со Годишен распоред за работа за 2023 година за портпарол на судот беше определена судијата Габриела Гајдова.

Во судот е организирана и Канцеларија за односи со јавноста со која во текот на годината постапуваше еден стручен судски службеник кој одговараше на поставените прашања на веб страната на судот.
Во текот на годината беше одговорено на 6 прашања на граѓани поставени на веб страната на судот. На прашањата веднаш е одговорено, а истите се однесуваа на информации за конкретни предмети и начинот на плаќање на судски такси.

Претседателот на судот и портпаролот на судот на барање на новинари даваа потребни изјави и одговори на поставени прашања за постапките по предмети и други прашања поврзани со работата на судот, а кои се од интерес за јавноста.

Прес-конференции во текот на 2023 година не беа одржани, а на веб страната на судот во текот на годината беа објавувани поважни известувања за странките и соопштенија за донесени одлуки по конкретни предмети кои беа од интерес на јавноста и медиумите, со цел нивно навремено и правилно информирање.

На веб страната на судот се објавуваа и податоци за организација на судот и работата на судиите по области, ажурирано согласно промените на Годишниот распоред за работа во текот на годината, така беа објавени вкупно 3 соопштенија за јавност.

По оценка на совети во кривични предмети или на судијата поединец, одобрувано е следење на главните расправи од страна на новинари со цел известување за текот на кривичните постапки за кои е заинтересирана јавноста.

За постапување по барања поднесени согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, за службено лице за посредување со информации од уписник СПИ беа определени два судски службеници од работно место Судски советник, кои во текот на извештајната година постапиле по 22 предмети во рокови предвидени со законот, а податоците се обезбедувани од судските писарници, преку увид во списи на предмети и од податоци од програмот АКМИС. Од поднесените барања сите се позитивно одговорени.

На веб страната на судот во текот на 2023 година објавени се 503 правосилни анонимизирани одлуки. Процедурата во програмот АКМИС за анонимизација и објавување на одлуките на веб страната на судот е поедноставена, но и понатаму одлуки од уписниците ПРК-С, ПРК-О, ПРК-Ј, ПЗ и МАЛВТС не постои опција овие предмети да се анонимизираат и објавуваат.

Во текот на годината практична настава во судот извршуваа ученици од две средни училиштаи тоа ОСУ „Јовче Тесличков" и ССОУ „Коле Недлковски" и тоа како во текот на учебната година така и за време на летниот распуст.

Со цел да се придонесе кон поголема отвореност на судот спрема јавноста, Европскиот ден на граѓанската правда 25-ти октомври 2023 година, беше одбележан со организирање на отворен ден за граѓаните и посета на судот на ученици и професори од средните училишта и претставници од локалните медиуми.

За време на посетата учениците имаа можност непосредно да се запознаат со организацијата и работата на судот, надлежноста во остварувањето на основните граѓански слободи и права, како и со процедурите на управување со движење на предметите во судот чија крајна цел е владеење на правото и ефикасна правда еднакво достапна на сите граѓани.

На учениците од Средното економско училиште Јовче Тесличков од Велес им беше овозможено да следат судење во предмети од кривична постапка.

Локалните медиуми ги следеа активностите во Основниот суд Велес и соодветно издаваа соопштенија за јавноста на своите веб портали.

Во текот на 2023 година судиите учествуваа на меѓународни конференции и студиски посети во странство и тоа:

Во периодот од 21-23.06.2023 година Претседателот на судот Лидија Димова учествуваше на регионална работилница во Белград организирана од мисијата на ОБСЕ во РСМ, Србија и БиХ на тема „Надомест на штета во спорови од дискриминација".

Во периодот од 01-03.11.2023 година ВД Претседателот на судот Лидија Димова учествуваше на регионална работилница во Сараево организирана од мисијата на ОБСЕ во РСМ, Србија и БиХ на тема „Надомест на штета во спорови од дискриминација".

Во месец февруари 2023 година, судија м-р Габриела Гајдова учествуваше на обука во Барселона и Мадрид организирана од страна на DCAF.

Во период од 01 до 03.06.2023 година, судија Габриела Гајдова учествуваше на обука за фемицид во Белград.

Во периодот од 29 до 31.03.2023 година судијата Александар Шопов учествуваше на 16-тиот работен состанок на мрежата на пилот-судови во Лублин, Република Полска како дел од 46-те земји членки на Советот на Европа - CEPEJ - Council of Europe.

## 5. Информатичка технологија

Информатичката технологија во судот се користеше од судиите и судските службеници во сите фази на постапката.

Информатичката опрема со која располага судот ги задоволува потребите на судот и овозможува целосна примена на Судскиот деловник во однос на скенирање на поднесоците и формирање на електронско досие на предметот.

Во текот на 2023 година се вршеше скенирање на сите иницијални акти и поднесоци, со што се формира електронско досие на предметите. Со скенирањето и формирање на електронско досие се зголемува базата на АКМИС, па се јавува потреба податоците да се чуваат и на посебен сервер.

Извештаите за работата на судот и за работата на судиите, се изготвуваа од Апликација за извештаи, а врз основа на податоци од програмот АКМИС. Во однос на евиденцијата на примени и решени предмети, се постапуваше согласно Судскиот деловник и упатствата на Работното тело за стандардизација на постапките во судовите.

Во судот во целост се користеше електронската достава преку која до странките корисници на електронско сандаче се доставуваа скенираните иницијални акти, поднесоци и одлуките од судот. Со електронската достава зголемена е ефикасноста, ажурноста и уредноста на приемот на доставените писмена и покани за рочишта. Во 2023 година преку електронска достава, беа доставни вкупно 11.356 писмена и покани.

Судиите, дактилографите, судските службеници во писарниците и стручните судски службеници, работните задачи ги извршуваа на компјутери, со тоа што секој од нив има свој компјутер. Сите судии, стручни судски службеници и дел од судските службеници имаа пристап на интернет.

Во текот на годината активно се ажурираше веб страницата на судот на која покрај календарот на судења, се објавуваа и судските одлуки согласно законската обврска на судот, како и огласи и соопштенија за јавноста.

Писмената комуникација помеѓу Канцеларијата на Претседателот на судот и судиите во текот на 2023 година се одвиваше електронски на службените e-mail адреси.

Целокупната евиденција и сите извештаи се водеа и креираа единствено преку програмот АКМИС. Програмот АКМИС во текот на досегашната примена со надградба и усвоени предлози за подобрување на неговото работење, покажа позитивни ефекти. Единствен проблем со кој се соочува судот е недостатокот на човечки ресурси, особено по престанокот на работниот однос на Раководителот на одделението за информатика, по што софтверот, одржувањето на компјутерите, печатарите и опремата за тонско снимање, ја врши еден судски службеник Самостоен референт-извршител во одделение за информатика.

За техничките проблеми кои се јавуваат при постапувањето по предметите или при креирање на извештаи во програмот АКМИС, по потреба се бараше подршка од ЕДУСОФТ.

Во судот се користи и апликација за тонско снимање на рочишта „СРС ФЕМИДА“ која е инсталирана во три судници и се користи од судиите од граѓанскиот оддел кои постапуваат по предмети согласно Законот за парничната постапка и согласно распоред на судници по денови и судии. Во текот на 2023 година се одржани вкупно 1.140 рочишта со тонско снимање.

Сметководственото работење во судот се вршеше преку АБМС системот, во кој се води и магацинското работење, од еден судски службеник кој истовремено ја врши работата и на благајник во судот. Раководителот на одделението за информатика, до престанокот на работниот однос, беше вклучен и во давање помош при работењето и на овој систем.

Одржувањето на компјутерите и печатарите во текот на 2023 година се вршеше со нивно сервисирање и поправки.

## 6. Опременост и одржување на зградата на судот

Зградата во која работи судот е реновирана и е во добра состојба. Сите простории се опремени со мебел, а реновирани се и архивите во кои се сместени метални плакари. Во архивите и во ходникот се поставени подни плочки.

Секоја просторија во судот има клима-уред, судниците се современо опремени, а во три судници е инсталиран систем за тонско снимање.

Судиите и судската администрација своите работи и работни задачи ги извршуваат во просторни услови кои ги задоволуваат стандардите. Секој судија има своја канцеларија, а по двајца стручни судски службеници се сместени во една канцеларија. Шалтерите се опремени со мебел и опрема која ги задоволува потребите на службениците кои работат во нив. Дактилографите се сместени во простории со мебел кој ги задоволува нивните потреби и имаат компјутери и печатари кои придонесуваат за поажурно администрирање со предметите.

Расправите и рочиштата по предметите се одржуваа во осум опремени судници. Сите судии расправите и рочиштата ги одржуваат во судница по распоред за користење на судниците донесен од Претседателот на судот.

За безбедносната состојба на зградата, вработените и предметите во судот се грижеше судската полиција и тоа: Командирот на судската полиција и седум судски полицајци кои ја обезбедуваа зградата во текот на 24 часа. Обезбедувањето беше вршено преку метал-детектор врата и 16 видео-камери.

Предметите по кои се постапува се чуваат во судските писарници и во канелариите на судиите во ормани, кои на крајот од работното време се заклучуваат. Архивираните предмети се чуваат во метални ормани во архивите што се сместени во подрумските простории.

Во судот има доволен број на противпожарни апарати и хидро систем за гасење на пожари кои се одржуваат согласно стандардите.

## 7. Јавни набавки

Согласно Годишниот план за јавни набавки за 2023 година, врз основа на одобрените средства со Буџетот на Основен суд Велес за 2023 година беа планирани и спроведени три (3) постапки по огласи за јавни набавки на ЕСЈН и тоа:

1. За набавка на тонери беа планирани средства во износ од 350.000,00 денари без ДДВ или износ од 413.000,00 денари со ДДВ за четири дела и тоа за дел 1 тонери за принтери трговска марка HP, дел 2 тонери за принтери трговска марка Lehmark, дел 3 тонери за принтери трговска марка Herox и дел 4 тонери за фотокопир трговска марка RICOH, за кој износ е склучен договор за сите делови со ДППУ МАГ-КОМЕРЦ ДООЕЛ увоз-извоз од Велес, од страна на Основен суд Велес во 2023 година исплатена е сума во износ од 357.362,00 денари со ДДВ, а како остаток останат е износ од 53.275,00 денари кој не е исплатен и ќе се исплати во 2024 година.

2. За набавка на електрична енергија беа планирани средства во износ од 2.500.000,00 денари без ДДВ или износ од 2.950.000,00 денари со ДДВ. Договорот е склучен на износ од 2.500.000,00 денари без ДДВ или износ од 2.950.000,00 денари со ДДВ со Друштво за производство, трговија и услуги ЕНЕРЏИ АКТИВЕ увоз-извоз ДООЕЛ од Скопје со времетраење на договорот од 01.05.2023 година до 30.04.2024 година. Во 2023 година од страна на Основен суд Велес исплатена е сума во износ од 868.702,00 денари со ДДВ, а во 2024 година ќе се исплати останатиот дел согласно договорот.

3. За набавка на нафта за греење беа планирани средства во износ од 1.500.000,00 денари без ДДВ или износ од 1.770.000,00 денари со ДДВ, за кој износ е склучен договор со ДПТУ ДАДИ ОИЛ ДООЕЛ Јакимово, Виница. Во 2023 година од страна на Основен суд Велес во 2023 година исплатена е сума во вкупен износ од 1.188.733,00 денари со ДДВ, а преостанатиот остаток кој е во износ од 108.094,00 денари ќе биде исплатен во 2024 година, за испорачани 18.000,00 литри нафта. Разликата помеѓу планираните средства, цената според склучениот договор и цената при набавките за исплата на договорот, произлегуваат од цената на нафтата која е променлива според одлуки на Регулаторната комисија за енергетика во моментот на планирањето, склучувањето на договорот и реализација на набавката.

Во текот на годината од одобрените средства со Буџетот на Основен суд Велес за 2023 година, беа донесени 17 одлуки за набавки чија проценета вредност без ДДВ, не е еднаква или поголема од 1.000 евра во денарска противвредност за стоки или услуги односно 5.000 евра во денарска противвредност за следните работи:

1. За технички преглед и одржување и сервисирање на хидраулична платформа-лифт, исплатена е сума во износ од 16.874,00 денари, од кои на ИТИ износ од 5.900,00 денари, а на СЕЗАЛ износ од 10.974,00 денари.

2. За набавка на печатарски услуги, исплатена е сума во износ од 74.043,00 денари.

3. За набавка на канцелариски материјали, исплатена е сума во износ од 70.790,00 денари.

4. За набавка на компјутерски материјали за одржување на компјутерите, исплатена е сума во износ од 29.590,00 денари.

5. За набавка на материјали за одржување на зградата и опремата, исплатена е сума во износ од 69.009,00 денари.

6. За набавка на средства за хигиена, исплатена е сума во износ од 25.742,00 денари, а за 2024 година преостанат е остаток кој не е платен и е во износ од 44.944,00 денари.

7. За набавка на онлајн пристап до Академика-електронска збирка на важечки прописи во РСМ, исплатена е сума во износ од 13.032,00 денари.

8. За набавка-Осигурување од автоодговорност со осигурување на возач и 4 патника и целосно каско осигурување (без франшиза) на службено патничко моторно возило PEUGEOT 308 1.6 HDI, исплатена е сума во износ од 19.280,00 денари.

9. За набавка-поправка и сервисирање на службено патничко моторно возило

PEUGEOT 308 1.6 HDI, исплатена е сума во износ од 4.400,00 денари.

10. За набавка и сервисирање на противпожарни апарати, исплатена е сума во износ од 3.953,00 денари.

11. За набавка-поправка и сервисирање на клима уреди, исплатена е сума во износ од 58.200,00 денари.

12. За набавка на Дизел гориво- ЕУРО ДИЗЕЛ БС (Д-Е V), исплатена е сума во износ од 60.000,00 денари.

13. За набавка - поправка и сервисирање на печатачи, компјутерска опрема, скенери и фотокопери, исплатена е сума во износ од 13.865,00 денари.

14. За набавка - обнова на регистрација на доменот osveles.mk, исплатена е сума во износ од 472,00 денари.

15. За набавка-склучување полиса за осигурување за основните средства, исплатена е сума во износ од 12.209,00 денари.

16. За набавка - поправка и сервисирање на парен котел и горилник, исплатена е сума во износ од 27.541,00 денари.

17. За набавка на новогодишни честитки, исплатена е сума во износ од 1.600,00 денари.

Прикажаните износи на исплата на овие набавки од страна на Основен суд Велес, се со вклучен ДДВ.

Со одлука на Судскиот буџетски совет за спроведување на групни јавни набавки за 2023 година, кои беа предвидени во Годишниот план за јавни набавки на Основен суд Велес за 2023 година, беа спроведени 5 групни јавни набавки и тоа:

- преку Апелациониот суд Скопје, беше спроведена една групна јавна набавка:

1. За хартија за печатење и фотокопирање по основ на склучен анекс-договор, исплатена е сума во износ од 151.606,00 денари од страна на Основен суд Велес.

- преку Судски совет на РСМ, беа спроведени две групни јавни набавки во 2023 година:

1. За Фиксна телефонија по основ на склучен анекс-договор во 2023 година, исплатена е сума во износ од 21.725,00 денари од страна на Основен суд Велес.

2. За користење на интернет услуги по основ на склучен анекс-договор, исплатена е сума во износ од 219.565,00 денари од страна на Основен суд Велес, а преостанатиот остаток во 2024 година е исплатен во износ од 22.611,00 денари.

- преку Основен Граѓански суд Скопје, беше спроведена една групна јавна набавка:

1. За 21 компјутер, која набавка е во фаза на склучување на анекс-договор.

- преку Управен суд Скопје, беше спроведена една групна јавна набавка:

1. За надградба и инсталација на Femida систем за аудио снимање во судници - 3 судници аудио, која набавка е во тек.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС ВЕЛЕС

ВД Претседател на судот
Биљана Јачева

Прилог: Табела на вработени во судска служба на неопределено време за 2023 година

ТАБЕЛА

на вработени во судска служба на неопределено време за 2023 година

| Работно место | Предвидени работни места по Правилникот | Пополнето раб. место на почеток на 2023 г. | Пополнето во 2023 год. | Унапредување | Распоредување | Упразнето (пензија и др.) | Број на вработени на крај на 2023 год |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Раководни судски службеници** | | | | | | | |
| Судски администратор | 1 | 1 | | | | | 1 |
| Раководител на стручно -правна служба | 1 | | | | | | |
| Раководител на административно-техничка служба | 1 | | | | | | |
| Раководител на оддел-граѓански | 1 | | | | | | |
| Раководител на оддел-кривичен | 1 | | | | | | |
| Раководител на одделение за човечки ресурси | 1 | | | | | | |
| Раководител на одд. за материјално-финансико работење | 1 | | | | | | |
| Раководител на одделение за информатика | 1 | - | | | | | - |
| **Вкупно:** | **8** | **1** | | | | | **1** |
| **Стручни судски службеници** | | | | | | | |
| Виш судски советник | 2 | | | | | | |
| Судски советник | 3 | 3 | | | | | 3 |
| Виш судски соработник | 5 | 3 | | 2 | | | 5 |
| Судски соработник | 10 | 4 | | -2 +1 | | | 3 |
| Помлад судски соработник | 2 | 1 | | -1 | | | - |
| Советник-информатичар | 1 | | | | | | |
| Соработник-преведувач | 1 | | | | | | |
| **Вкупно:** | **24** | **11** | | | | | **11** |
| **Помошно -стручни судски службеници** | | | | | | | |
| Самостоен судски референт-водител на писарница | 8 | 2 | | 1 | | | 3 |
| Самостоен судски референт-прием и експедиција на пошта | 1 | | | | | | |
| Самостоен судски референт-технички секретар на претседателот | 1 | 1 | | | | | 1 |
| Самостоен судски референт-тех.секретар на судскиот администратр | 1 | | | | | | |
| Самостоен судски референт-координатор на дактилобиро | 1 | - | | | | | - |
| Самостоен референт-сметководител | 1 | 1 | | | | | 1 |
| Самостоен референт-извршител во одделен. за информатика | 1 | 1 | | | | | 1 |
| Виш судски референт-благајник | 1 | - | | | | | - |
| Виш судски референт -извршител во писарница | 8 | 3 | | 1 | | | 4 |
| Виш судски референт-архивар | 1 | - | | | | | - |
| Виш судски референт-економ | 1 | - | | | | | - |
| Судски референт-извршител во писарница | 8 | - | | | | | - |
| Судски референт-дактилограф | 18 | 9 | 2 | 1 | | 1 | 11 |
| Помлад судски референт-извршител во писарница | 8 | 5 | | -3 | | | 2 |
| Помлад судски референт-доставувач | 8 | 3 | | | | | 3 |
| **Вкупно:** | **67** | **25** | | | | | **26** |
| **Судска полиција** | | | | | | | |
| Командир на судската полиција | 1 | 1 | | | | | 1 |
| Заменик комндир на судската полиција | 1 | | | | | | |
| Судска полиција | 8 | 7 | | | | | 7 |
| **Вкупно:** | **10** | **8** | | | | | **8** |
| **Вработени за технички работи** | | | | | | | |
| Хаус мајстор | 1 | 1 | | | | | 1 |
| Возач | 1 | | | | | | |
| Оператор на телефонска централа | 1 | | | | | | |
| Одржувач на хигиена | 4 | 1 | 1 | | | 1 | 1 |
| **Вкупно:** | **7** | **2** | | | | | **2** |
| **ВКУПНО ВРАБОТЕНИ** | **116** | **47** | **3** | | | **2** | **48** |